Бр. 61 Цена: 50 ден. септември 2014
ISSN: 1857-6710

# ШТИТ

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖАН 18 АВГУСТ –
ДЕНОТ НА АРМИЈАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## АРМ
## СЕКОГАШ ЌЕ ГО ЧУВА НАШЕТО ЗНАМЕ НА СЛОБОДАТА

★АРМ - НАТО ★ РАПОРТИРАЊЕ ★ ОРУЖЈЕ ★ ВОЕНА ИСТОРИЈА ★ ИГРИ И СИМУЛАЦИИ ★

# ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ФОРМИРАЊЕ НА БАТАЛЈОНОТ „МИРЧЕ АЦЕВ“





По повод одбележувањето на 71-годишнина од формирањето на првите поголеми единици на Народноослободителната војска, баталјонот „Мирче Ацев“, пред Споменикот на Славеј Планина на 18 Август 2014 година во организација на Сојузот на борците од НИАВМ 1941-1945 и граѓаните продолжувачи, беше одржан свечен собир во знак на сеќавање и одбележување на овој светол историски датум кој се прославува како Ден на Армијата на Република Македонија.
На чествувањето присуствуваа поголем број на претставници на Сојузот на борци, локалната самоуправа - општина Дебарца, владини и невладини здруженија и граѓани од населените места во регионот, како и делегација од Армијата на Република Македонија. Тие положија свежо цвеќе и се поклонија пред Споменикот кој сведочи за местото и времето во кое е формиран баталјонот, за непокорот и вечната борба за опстојување на македонската држава и на тој начин им оддадоа почит на сите оние кои своите животи ги положија и ги вградија во темелите на Република Македонија.

*Љ.П.*





# Содржина:





Страница 28 **18 АВГУСТ – ДЕН НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Страница 4 **НА ДНЕВЕН РЕД**
САМИТОТ НА НАТО ВО ВЕЛС

Страница 23 **КУЛТУРНА СВЕСТ**
ПРАШАЊА И ОПЦИИ ВО НАСТАВАТА ПО СТРАНСКИ ЈАЗИК

Страница 34 **НАТО И ГРУЗИЈА**
ОСВРТ НА ОДНОСИТЕ ПОМЕЃУ НАТО И ГРУЗИЈА

Страница 42 **КУЛТУРАТА И ВОЈНАТА**
ВЛИЈАНИЕТО НА КУЛТУРАТА ВРЗ СТРАТЕГИЈАТА, ДОКТРИНАТА И ТАКТИКАТА НА ВОЈУВАЊЕТО

Страница 44 **НАЈГОЛЕМИТЕ ШПИОНИ**
РАЗУЗНАВАЧИТЕ КОИ ОСТАВИЈА ТРАГИ ВО ИСТОРИЈАТА НА ЧОВЕШТВОТО

Страница 49 **ФИЛИП II МАКЕДОНСКИ**
МАКЕДОНСКИ ВОЈСКОВОДЦИ И КОМАНДАНТИ

Страница 56 **ОД ДНЕВНИКОТ НА ВОЈНИКОТ-ПЛАНИНАР**
УЧЕСТВО НА ПРИПАДНИК НА АРМ НА 200 КИЛОМЕТРИ ДОЛГАТА ПЛАНИНАРСКА ПАТЕКА - ЗАПАДНА МАКЕДОНСКА ТРАНСВЕРЗАЛА




Страница 10




Страница 18



Страница 26


**ШТИТ - Година VI, број 61, септември, 2014 година, излегува еднаш месечно**
**ИЗДАВАЧ - МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ**
Емил Димитриев (претседател)
Генерал-потполковник Насер Сејдини, полковник Петре Велковски, полковник Мирче Ѓоргоски,
д-р Жанет Ристоска, полковник Мери Ринџова, проф. д-р Ѓорѓи Малковски

**ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК**
д-р Жанет Ристоска

**РЕДАКЦИЈА**
Билјана Иванова (технички, ликовно-графички уредник),
Митко Василевски (новинар), Кристина Илиевска (новинар),
Ксенија Митева-Котеска (лектор); Александар Атанасов (фотографии)

**Печати: „КОСТА АБРАШ“ – Охрид**

**АДРЕСА НА РЕДАКЦИЈАТА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА - СПИСАНИЕ „ШТИТ“
ул. „Орце Николов“ 116, 1000 Скопје
Телефони: 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk

ЦЕНАТА НА ЕДЕН ПРИМЕРОК Е 50 ДЕНАРИ
ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА 600 ДЕНАРИ

жиро с-ка 05001001 1678720
(повикување на број: 725939-10)
даночен број: 4030990271748
ТС 100000000063095


ШТИТ

**18 АВГУСТ**

18 август 2014 во Охрид, градот под Самоиловата тврдина, градот на брегот на прекрасното Охридско Езеро, градот на УНЕСКО, на безбројните паметници од памтивека, градот на пријателството, на туристите и на вљубениците во чистата и недопрена природна убавина. Раздвиженост по чаршијата, џагор по кафулињата, река од туристи и љубопитни намерници. А, меѓу сите нив, во овој убав августовски ден се препознаваат и се белеат свечените униформи на припадниците на Армијата на Република Македонија. Оваа година, централната свеченост по повод Денот на АРМ се одржа во Центарот за обука на вода на АРМ во Охрид. На свеченоста по повод 22 роденден на АРМ присуствуваше врвот на државата на чело со претседателот д-р Ѓорге Иванов, министерот за одбрана д-р Зоран Јолевски, министерката за внатрешни работи Гордана Јанкуловска, претседателот на Собранието Трајко Вељановски, началникот на Генералштабот генерал-потполковник Горанчо Котески како домаќин и уште многу други високи гости од МО и АРМ, претставници на дипломатскиот кор и на медиумите. А, кога започна свеченоста, спокојот на ова прекрасно августовско попладне се наруши од силината на изречените зборови, од напливот на силни емоции и гордост кај сите присутни.

„Армијата постои за да ја чува нашата слобода и територијалниот интегритет и суверенитет на нашата држава. Армијата постои за нашите најмили да не се плашат од војната и да имаат безгрижно детство. Армијата го чува македонскиот модел на соживот... Армијата на РМ бескомпромисно го извршува својот дел од заветот на Илинденците и АСНОМците. И, денес, благодарение на Армијата, мирот и безбедноста се наше секојдневие. Живееме, работиме, твориме, се надградуваме и напредуваме благодарение на храбрите синови и ќерки во униформа што ни го чуваат мирот и ни ја гарантираат безбедноста. Секојдневие кое сè уште е недофатлив сон за луѓето од многу турбулентни региони во светот, за кои секојдневно слушаме“ – никој не остана рамнодушен на овие зборови на претседателот на РМ и врховен командант на АРМ д-р Ѓорге Иванов...

И министерот за одбрана д-р Зоран Јолевски во своето прво обраќање по повод Денот на Армијата како министер за одбрана, истакнувајќи го сето она што е сработено и кон коешто се стремат припадниците на АРМ и Министерството за одбрана употреби прекрасни метафори и симболи за да го искаже сето тоа, метафори кои совршено се вклопија во амбиентот на древниот град Охрид со целата негова симболика на почетоците на нашата култура, јазикот, традицијата и стремежот за слобода ...

„Унапредувањето на одбраната и безбедноста е маратон чие темпо мора да се одржи на високо ниво... Иако неправедно чекаме повеќе од шест години да ја добиеме заслужената покана за членство во НАТО, остануваме посветени на остварување на оваа цел. Силни народи и држави се тие кои кога ќе се соочат со предизвик, наместо да се однесуваат дефитистички, ги мобилизираат сите ресурси за да се справат со предизвикот. Одговор на оваа неправедна блокада е уште посилно продолжување со реформите со цел да покажеме и докажеме дека вистинското место на Република Македонија е во НАТО и ЕУ“.

И навистина нема што да се додаде во контекст на свеченоста и убавината на миговите кои ја одбележаа прославата по повод 22 роденден на АРМ и во Охрид , но и во сите касарни и единици.

И овој 18 август 2014 уште еднаш покажа дека навистина имаме со што да се гордееме и да се покажеме пред светот!

*д-р Жанет Ристоска*




# РЕЗЕРВНИОТ СОСТАВ НА АРМ

## ПОДДРШКА НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Организирањето на мобилизацијата на резервниот состав е содржано во низа последователно условени постапки. Исполнување на целта на организирањето е по реализирање на сите потребни претходно планирани активности и успешна имплементација на планот за мобилизација. Согласно теориите на организација, организирањето на мобилизацијата на резервниот состав би се одвивало по следното: групирање на задачите заради дефинирање на должности на поединецот; групирање на задачите во модулите и повисоките организациски единици; делегирање на авторитетот, алокација на одговорности и одредување на бројот на командни нивоа во хиерархијата; обезбедување на организациска клима и односи во кои луѓето ќе бидат мотивирани за остварување на највисоки резултати и организациски цели; дизајнирање на комуникациски систем за ефикасно одлучување, контрола и координација и изградба на целокупна организација која ќе биде иновативна и адаптивна на промените во опкружувањето.

Сложеноста на организирањето на мобилизацијата на резервниот состав се огледа во потребата од: идентификација на потребни активности, специјализација, стандардизација, координирање, мотивација и раководење-супервизија. Меѓусебната зависност на сите елементи на резервниот состав му налага постојана адаптивност во однос на барањата на технологијата, иновациите и промените во опкружувањето. Секоја нова состојба бара нова организација, што е применливо со модуларниот систем на Резервните сили. Кога целите на организацијата се утврдени и истата располага со соодветни кадровски и материјални ресурси, водењето станува најважна функција на извршителот на мобилизацијата. За водењето е важно разбирањето на персоналот и неговата мотивација. Нивоата во организацијата постојат заради ограничената способност на опсегот на водењето, односно управувањето со мобилизацијата.

Водењето на мобилизацијата на резервниот состав, неминовно за надминување на несакани ситуации и успешно имплементирање на плановите, претендира за потреба од лидерство. Одбирањето на вистинскиот момент, добрата информираност, професионалноста, подготвеноста за најлошото и одговорноста, се способностите на една личност да влијае на другите на тој начин што тие ќе соработуваат и ќе допринесат во напорите кон насочување на организацијата во остварувањето на зацртаните цели. Лидерството обединува четири компоненти: активност на другите луѓе, или следбеници, потчинети, кои се подготвени да ги прифатат насоките и упатствата на лидерот; нееднаква распределба на моќта помеѓу лидерот и потчинетите, иако лидерот има поголема моќ и поголемо влијание, ниту потчинетите не се без влијание, особено во услови на тимска работа; способност на различни начини да се користат различни облици на моќ заради влијание на однесувањето на потчинетите; комбинација од претходните три елементи заради успешно и продуктивно лидерство.

Специфичноста на водењето во мобилизацијата е содржано и во самиот однос меѓу лидерот и потчинетите. Тој однос се воспоставува низ работа и активности, а не преку традиционалните односи на претпоставен и потчинет. За создавање на успешно лидерство и соодветно водење на процесот мобилизација потребно е регрутирање на образуван и талентиран персонал. Без соодветно образование нема успешни лидери. Во контекст и поддршка на изнесеното е и стратегиската определба која го определува потребниот профил и опсегот на водењето: системот за командување и контрола со АРМ бара посветено стратегиско лидерство, способно за навремено одлучување за употреба на АРМ во операции за превенција на конфликти, управување на кризи и учество во целиот спектар на операции.

Успешното водење или управување не смее да се поистовети со лидерството. Меѓу нив постојат сличности и разлики. Организациските процеси на мобилизацијата се исполнети со различни активности, но истите прават дистинкција меѓу водењето и лидерството. Водењето се состои од планирање, организирање, командување, координација и контрола, што обезбедува континуиран ток на реализирање на задачи за остварување на целта. Лидерството се состои од: стекнување и предочување на објективната слика за стварноста, обликување на визијата и утврдување на

стратегијата на развојот на организациската структура, придобивање и активирање на потчинетите во насока на остварување на проектираните цели и задачи и создавање на поволна клима и соработнички однос во организацијата.Лидерстовото е незамисливо без јасна визија и добра стратегија. Лидерството подразбира и активности насочени на обезбедување на поволен амбиент за работа и негување на добри меѓучовечки односи во организацијата. Водењето, или управувањето, на процесот мобилизација е поширок поим од лидерството. Лидерството е интегрален дел на водењето, односно управувањето. За успешно водење потребна е координација која се постигнува со користење на определени механизми или техники. Координацијата обезбедува потребен интензитет и го одредува моментот на потребната интервенција, односно дејството. Насочена е кон субјектот на интерес за постигнување на целта. Еден од механизмите на координацијата е договорот. Тој регулира права, дефинира обврски, дава надлежности и свесно се спроведува. Договорот опфаќа и вклучува во координацијата потребни релевантни чинители на одбраната, општествени и трговски организации и други носители на компетенции важни за водење на одбраната и безбедносниот систем воопшто. Регулирањето на договорните обврски се уредува со за-



конски акти, уредби и овластувања. Во координацијата за водење, или управување со процесот мобилизација се појавуваат два вида на односи, линиски и штабни, кои влијаат и го определуваат начинот на егзистирањето на воената организација. Линиските односи имаат директно влијание на постигнувањето на целите на мобилизацијата и непосредно влијаат на подготовките и во крајна нужда, извршувањето, додека штабните односи се оние кои им помагаат на линиските за што поефикасно реализирање на тие цели. Во линиските односи се содржани функциите на обуката и оспособувањето, додека во штабните, персоналот, опремувањето, одржувањето, финансиите и контролата. Логичкото сфаќање на линиските односи е во постоењето на нивоа на командување и создавање на хиерархиска скала, што е типично за воената организација. Линиските односи им даваат на претпоставените овластувања над потчинетите. Тоа значи дека во воената организација е создадена хиерархиска структура со која е овозможено директно следење на потчинетите во остварувањето на поставените цели.

Природата на штабните односи е советодавна и нејзината функција се состои во истражување и давање совети на линиските извршители.Со согледување на организациската структура на резервните сили, јасно е препознатлив општиот карактер на линиските и штабните односи. Карактерот на структурата е содржан во односот, а не во активноста на поедини организациски модули. Водењето набљудувано како облик на управување со луѓето кои се сметаат како најзначаен ресурс за достигнување на поставените цели, претставува процес преку кој една личност влијае на други. Извршителот на мобилизацијата е всушност менаџер на севкупните односи и интеракции меѓу поединци и групи за креирање на мисијата на организацискиот состав и стратегијата за нејзина примена. Водењето во ваков облик подразбира почитување, верба и тимска работа.

## КОНТРОЛИРАЊЕ НА СИСТЕМОТ И ПРОЦЕСИТЕ

Контролирањето претставува мерење и корекција на извршените работи одредени за постигнување на целите и реализација на планот за мобилизација. Контролата треба да обезбеди брзо отстранување на грешките и решавање на сите проблеми. Извршителите на мобилизација на сите нивоа имаат одговорност за извршување на плановите, заради што контролата е важна функција на сите нивоа на командување. Процесот на контрола може да се сведе на воспоставување на стандарди, мерење на работата според воспоставените стандарди и исправување на отстапувањата од плановите и стандардите. Според тоа, контролата е дел од процесот на управувањето со која се утврдува степенот на остварената цел, функционирање на организацијата, отстапувања и причини за отстапувања на оствареното во однос на планираното и врши корекција на процесот заради остварување на поставената цел.Контролата е процес кој се одвива постојано во сите фази на мобилизацијата и на сите нивоа на командување со организациската структура. Суштината на контролата се состои во мониторингот со кој се мери, оценува и споредува планираното и оствареното работење. Системот на контрола функционира на база на повратни информаци, додека примарниот предмет на контролата е успешноста на работата која ја остварува персоналот при употреба на ресурси во рамките на воената организација. Постојат повеќе причини кои доведуваат до отстапување од планираните цели. Како позначајни би биле: промени во опкружувањето, недостатоци и пропусти во процесот на нормативното уредување на организацијата, планирање и давање на задачи на извршители на мобилизација, ограничувања поврзани со човечкиот фактор, несовпаѓање на целите на организацијата со целите на нејзините членови. Контролирањето е неопходно заради неможноста во потполност да се предвиди иднината (состојба на боиштето, моралот на персоналот, опременост, обученост и др.). Може да се контролира целокупниот процес на мобилизација, или само негови делови: планирање, организирање (подготовка), водење (извршување), со сите нивни потпроцеси. При контролирањето можат да се применуваат принципите на контрола на менаџментот: стратешко-тактичка контрола (контрола на опременост, обученост, извежбаност); повратна врска (способност за прием и пренос на информации, воспоставување на командниот синџир); флексибилност на контролата (применети контроли на пониски нивоа на командување и ефект од нивна реализација); организциска усогласеност (поставеност на организациската структура и реално време за воспоставување); стратешки точки на контролата (пополнетост со персонал, опременост, обука и логистичко обезбедување); самоконтрола (проверка во рамки на организациски формирани состави, модули); директна контрола (проверка на мобилизациска готовност); човечки фактор (соодветна пополнетост, здравствена состојба на персоналот, мотивираност, потреби од персонал).

Правото на контролата е составен дел од правото на управување (водење) и командување. Ова право го имаат највисоките органи на власта, командантите, началници, директори и раководители. Авторитетот на други органи кои вршат контрола (инспекции, комисии, тимови и други) се огледа во овластувањата кои ги добиваат од органите на управување кои ги формирале и за чии потреби работат.

Сите овие функции на менаџментот се извршуваат на сите командни нивоа, во димензија на нивото на командувањето и создаваат мобилизациски систем. Според тоа, мобилизацискиот систем би се дефинирал како: збир на сеопфатни, усогласени и координирани мерки, постапки и активности на формациски елементи на модуларната структура за достигнување на готовност за употреба по време и место, согласно планот за употреба на Армијата. Целокупната сложеност и комплексност на мобилизацискиот систем и мобилизацискиот процес пластично би се согледале како механизам на часовник. Имено сите потребни процеси, времето на нивно одвивање, нивната меѓусебна зависност, одразуваат наменета и одредена активност со свои цели и задачи. Насочени кон остварување на општата цел - мобилизација, условени се и определени со фактор време. Истото се случува и со механизмот на часовник, кој има за задача да ги придвижи стрелките на часовник, да ја постигнат својата намена, да означат колку е часот. Синхронизираното движење на деловите на тој систем го овозможуваат движењето на стрелките, исто како што мобилизацискиот процес координира активности и менаџира ресурси за да овозможи постигнување на целта во зададеното време.

*д-р Методија Дојчиновски*
*м-р Ивица Даневски*